# МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА
www.mrt.com.mk

# З А П И С Н И К
**од Петтата седница на Програмскиот совет на МРТ**
**одржана на 31.7.2025, 11:00 часот, сала за состаноци во МРТ**

Присутни членови на Третата седница на Програмски совет на МРТ:, *Давор Пашоски, Миле Гроздановски, Билјана Бабиќ, Владимир Палашевски, Бурим Рамадани, Патриот Лумани, Музбајдин Ќамиљи, Баким Лачи, Томислав Кежаровски, Ивана Ефремовски и Лазо Трпков*
Он-лајн ја следеа седницата:, *Марјан Велевски и Маја Седрак*

Петтата седница на Програмскиот совет започна во 11.15 со утврдување присуство на сите членови, односно за обезбеден кворум за работа од страна на Претседателот на Програмскиот совет, Давор Пашоски.

Претседателот на Програмскиот совет, Давор Пашоски го прочита Дневниот ред за Петтата седница, како што следува подолу:

**Дневен ред:**
1. **Разгледување и усвојување на Записникот од 3-та Седница на Програмскиот совет на МРТ**
2. **Разгледувавње и усвојување на Записникот од 4-та Седница на Програмскиот совет на МРТ**
3. **Разгледување на Предлог-деловник за работа на Програмскиот совет на МРТ**
4. **Разгледување на Мислење за постапување по Јавниот конкурс за членови на Надзорен одбор на МРТ**
5. **Разно**

Претседателот го стави Дневниот ред на гласање:
- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

**Точка 1. Разгледување и усвојување на Записникот од 3-та Седница на Програмскиот совет на МРТ**

Претседателот на Програмскиот совет на МРТ го прочита текстот на Предлог-записникот од Третата седница на Програмскиот совет. Текстот на предлог записникот беше ставен на гласање:
- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ, со забелешка од страна на Томислав Кежаровски во иднина да се забележуваат поважните дискусии од членовите на Програмскиот совет на МРТ заради поголема увид на јавноста во работата на Програмскиот совет на МРТ, воедно прифатено и од другите членови**

**Точка 2. Разгледување и усвојување на Записникот од 4-та Седница на Програмскиот совет на МРТ**

Претседателот на Програмскиот совет на МРТ го прочита текстот на Предлог-записникот од Четвртата седница на Програмскиот совет. Текстот на Предлог-записникот беше ставен на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**
-

**Точка 3. Разгледување на Предлог-деловникот за работа на МРТ**
Претседателот на Програмскиот совет го прочита текстот на измените и дополнувањето на важечкиот Деловник за работа и кои беа поднесени од службите на МРТ, Претседателот и сите членови на Програмскиот совет. Истовремено, Претседателот на Програмскиот совет укажа од важноста за ставање на Предлог-Деловникот на увид на јавноста и повик за јавна расправа којашто би траела 15 дена од денот на објавувањето. Потоа го стави предлогот на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

Од оваа точка произлезе

**Заклучок:**
**Директорот на МРТ да ги задолжи службите на МРТ Предлог-деловникот за работа на Програмскиот совет на МРТ да го објават на интернет страницата на Македонската радио телевизија со повик за јавна расправа до сите засегнати субјекти по Предлог-Деловникот и за таа цел да се објави и електронската пошта на Програмскиот совет на МРТ, Јавната расправа да трае 15 дена, почнувајќи од 1 август заклучно со 15 август 2025 година.**

**Точка 4. Разгледување на Мислење по Јавниот конкурс за избор на Надзорен одбор на МРТ**
Директорот на Заеднички функции ги информираше членовите на Програмскиот совет за состојбата на Јавниот конкурс и за можностите за постапување по истиот. По оваа точка Маја Седрак побара да се прецизира со кои членови од Законот за општа управна постапка би се потврдила потребата од поништување на Јавниот конкурс.

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

Од оваа точка произлезе:

**Задолжение:**
**Директорот на МРТ да ги задолжи службите на МРТ да допрецизираат согласно кои членови од Законот за општа управна постапка Јавниот конкурс за избор на Надзорен одбор на МРТ треба да се поништи и да се подготви соодветна Предлог-одлука за поништување на истиот.**

**Точка 5. Разно**

За збор се јави Томислав Кежаровски кој потсети на Автентичното толкување на Собранието на Република Северна Македонија и за потребата од постапување по него. Истовремено, тој побара од службите на МРТ да се доставaт правата и обврските за постапување на членовите на Програмскиот совет на МРТ, како и иницијатива за свикување седници на Програмскиот совет на МРТ со цел членовите на Програмскиот совет со новинарско искуство да дадат идеи за програмата на Македонската радио телевизија.
Претседателот на Програмскиот совет на МРТ ја закажа следната Седница на Програмскиот совет на МРТ за 07.08.2025 со една точка на Дневниот ред: Средба со Директорот на МРТ.

По исцрпување на Дневниот ред, Претседателот на Програмскиот совет на МРТ, Давор Пашоски ја затвори Седницата во 12.20.

Записникот го водеше:
Марина Тодоровска

Претседател на Програмски совет на МРТ

-------------------------------- Бр. 02-4813/2 од
Давор Пашоски 07.08.2025